22712

ВЕЧЕР 24.I.76

УТРЕ ВО ГАЛЕРИЈАТА „КОРА“

# Изложба на Дандаровски

Утре во Галеријата **„Кора“** при Домот на културата „Кочо Рацин“ во Скопје, ќе биде отворена првата самостојна изложба на ликовниот уметник — аматер **Роберт Дандаровски** од Скопје.

На изложбата, што ќе трае десетина дена, ќе бидат презентирани петнаесетина слики и цртежи на овој млад ликовен уметник, член на ликовниот клуб „Кора“.

**Роберт Дандаровски е ученик во II година во Училиштето за применета уметност во Скопје и досега има излагано на неколку групни изложби, меѓу кои и на изложбата „Преку Револуцијата до победата“.**

**Д. И.**